# ГРАДОВИ И РЕГИОНИ:
# ПАКТ ЗА СТОПИРАЊЕ НА СЕКСУАЛНОТО НАСИЛСТВО ВРЗ ДЕЦАТА

**one in five**
**un sur cinq**

Се проценува дека секое петто дете во Европа е жртва на некаков облик на сексуално насилство. Соочен со размерите на овој проблем, Советот на Европа ја започна кампањата ЕДНО од ПЕТ, со цел да ја подигне јавната свест и да ја промовира имплементацијата на Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба – позната под името Конвенцијата од Ланзароте – од страна на 47-те земји членки на Советот на Европа и од други земји.

Во рамките на својот придонес кон кампањата ЕДНО од ПЕТ Конгресот на локални и регионални власти при Советот на Европа изготви Пакт на градови и региони за запирање на сексуалното насилство врз децата. Пактот содржи листа на иницијативи и политики што треба да се спроведат на локално и регионално ниво со цел да се развијат услуги што ќе бидат прилагодени на децата, да се заштитат децата и да се спречи сексуалното насилство во заедницата

**www.coe.int/congress-oneinfive**
**congress.oneinfive@coe.int**

The Congress
Le Congrès

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE